ОСНОВНИОТ СУД ВЕЛЕС како првостепен суд преку стечајниот судија Ангел Трипчев,постапувајќи во отворена стечајна постапка над стечајниот должник Акционерско друштво за производство на режана граѓа и други финални производи од дрво Дрвно индустриски комбинат СТРАШО ПИНЏУР АД Кавадарци во стечај, по одржаното Собрание на доверители одржано на ден 25.04.2024 година во присуство на, за доверителот МФ УЈП РД Прилеп -полномошник Дејан Трајчевски од Велес – Државен правобранител за подрачје Велес, за доверителот ФЗОМ – полномошник Марија Спанџова дипломиран правник вработена кај доверителот, за доверителот Фонд за ПИОМ- полномошник Даниела Ивановска дипломиран правник вработена кај доверителот, за доверителот ЕВН Македонија АД за снабдување со електрична енергија Скопје-адвокат Ратко Ѓоргиевски од Скопје и стечајниот управник Владица Ивановска од Свети Николе,постапувајќи по извештајот и предлогот на стечајниот управник, на ден 10.05.2024 година, надвор од рочиште, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

СЕ КОНСТАТИРА дека Собранието на доверители на стечајниот должник Акционерско друштво за производство на режана граѓа и други финални производи од дрво Дрвно индустриски комбинат СТРАШО ПИНЏУР АД Кавадарци во стечај, на седница одржана на ден 25.04.2024 година ја прифати највисоката понудена цена од учесникот во продажбата, Друштво за производство, трговија, транспорт и услуги АГРОКОР ДООЕЛ Дабниште Кавадарци, со седиште во Дабниште – населено место без уличен систем, со ЕМБС 7602162, понуди цена од 2.320.000,00 денари за следниот недвижн имот:

- Зграда број 30 изградена на КП бр. 3729/1,евидентирана во И.Л бр.5634 за КО Кавадарци–Вонград, Намена на зграда Г2-6, влез 1, кат ПР, намена на посебен дел ДП, со површина идеален дел од 240/1175, со проценета вредност 1.930.186,00 денари .

СЕ ЗАДОЛЖУВА купувачот Друштво за производство, трговија, транспорт и услуги АГРОКОР ДООЕЛ Дабниште Кавадарци, со седиште во Дабниште – населено место без уличен систем, со ЕМБС 7602162 , во рок од 8 дена по приемот на ова решение да ја уплати разликата до понудената цена на износ од 2.542.600,00 денари (понудена цена 2.320.000,00 + 417.600,00 ДДВ - депозит 195.000,00 )

Доколку понудувачот Друштво за производство, трговија, транспорт и услуги АГРОКОР ДООЕЛ Дабниште Кавадарци, со седиште во Дабниште – населено место без уличен систем, со ЕМБС 7602162 , не ја уплати понудената цена во рок од 8(осум) дена од денот на приемот на ова Решение, го губи правото на враќање на уплатениот депозит за учество во електронската продажба.

## О б р а з л о ж е н и е

Со решение на овој суд СТ.бр.1/19 од 19.02.2019 година, отворена е стечајна постапка над должникот Акционерско друштво за производство на режана граѓа и други финални производи од дрво Дрвно индустриски комбинат СТРАШО ПИНЏУР АД Кавадарци.

По претходно извршена процена на вредноста на имотот на стечајниот должник,стечајниот управник во дневниот весник ВЕЧЕР од 05.03.2024 година и весникот НОВА МАКЕДОНИЈА од 05.03.2024 година ,објавил оглас за електронска продажба на имот без утврдена почетна цена кој претставува стечајна маса детално опишан во изреката на ова решение.

Овој оглас е објавен од страна на стечајниот управник и во системот за Е-стечај во Централниот Регистар на Р.М.

По одржаната електронска продажба на 18.03.2024 година стечајниот управник достави до судот поднесок на 20.03.2024 година со кој го извести судот за резултатите од спроведената електронска аукција.

На предлог на стечајниот управник, Основниот суд Велес свика Собрание на доверители на стечајниот должник за ден 25.04.2024 година заради донесување на одлука дали имотот предмет на електронската продажба ќе биде продаден по постигнатата цена.

На Собранието на доверители присутни беа доверители со процент на утврдени побарувања од 92,941% од вкупно утврдените побарувања.

Собранието на доверители на стечајниот должник со 100% од присутните доверители, едногласно донесе одлука со која ја прифати понудената цена од учесникот во продажбата во износ од 2.320.000,00 денари за недвижен имот Зграда број 30 изградена на КП бр. 3729/1,евидентирана во И.Л бр.5520 за КО Кавадарци–Вонград, Намена на зграда Г2-6, влез 1, кат ПР, намена на посебен дел ДП, со површина идеален дел од 240/1175 мl согласно со објавениот оглас за електронска продажба одржана на ден 18.03.2024 година со што е извршена продажбата на недвижен имот на учесникот во продажбата Друштво за производство, трговија, транспорт и услуги АГРОКОР ДООЕЛ Дабниште Кавадарци, со седиште во Дабниште – населено место без уличен систем, со ЕМБС 7602162 по што судот го задолжи понудувачот , да ја уплати понудената цена во рок од 8 дена од приемот на решението со предупредување дека доколку не ја уплати понудената цена во рок од 8 дена од денот на приемот на решението, го губи правото на враќање на уплатениот депозит.

Со писмен Извештај доставен до судот на 30.04.2024 година ,стечајниот управник го извести судот дека Собранието на доверители на седницата одржана на 25.04.2024 година едногласно , односно 100% од присутниоте доверители донеле одлука со која ја прифатиле понудената цена од страна на учесникот во електронската продажба купувачот Друштво за производство, трговија, транспорт и услуги АГРОКОР ДООЕЛ Дабниште Кавадарци, со седиште во Дабниште – населено место без уличен систем, со ЕМБС 7602162 , за имотот кој претставува стечајна маса детално опишан во изреката на ова решение.

Во конкретниот случај, од увидот во списите на предметот на овој суд Ст.бр.1/19 судот утврди дека во отворената стечајна постапка над должникот Акционерско друштво за производство на режана граѓа и други финални производи од дрво Дрвно индустриски комбинат СТРАШО ПИНЦУР АД Кавадарци, Собранието на доверители одлучи со 100% од присутните доверители соодветно на нивното право на глас во однос на процентот на утврдените побарувања во стечајната постапка, на седницата одржана на 25.04.2024 година со што донело одлука имотот-стечајна маса детално опишан во изреката на ова решение ,со проценетата вредност од 1.930.186,00 денари да се продаде на Друштво за производство, трговија, транспорт и услуги АГРОКОР ДООЕЛ Дабниште Кавадарци, со седиште во Дабниште – населено место без уличен систем, со ЕМБС 7602162 , по постигнатата цена во износ од 2.320.000,00 денари, која одлука судот ја констатира на записник од одржаното Собрание на доверители на ден 25.04.2024 година.

Согласно чл.100 ст.1 од Законот за Стечај, „Стечајниот управник го известува стечајниот судија наредниот работен ден за извршената електронска продажба,односно за одлуката за продажба донесена од Собрание на доверители. Стечајниот судија,врз основа на писменото известување,во рок од 3 дена носи решение за извршената продажба и го задолжува купувачот да го уплати износот на постигнатата цена во рок од 8 дена“.

Согласно чл.8,а в.в. со чл.98, чл.99 и чл.100 ст.1 од Законот за Стечај и чл.8 од Законот за Заклучување на стечајните постапки согласно Законот за Присилно порамнување, стечај и ликвидација и Законот за Стечај(Сл.весник на РМ бр.12/14) судот одлучи како во изреката на ова решение.

ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС, СТ.бр.1/19 од 10.05.2024 година

Стечаен судија
Ангел Трипчев

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение право на приговор има учесникот во електронската продажба во рок од 3 дена од денот на нејзиното објавување.
По приговорот одлучува стечаниот судија.

ДН:
- Објава на огласна табла на Основен суд Велес
- Стечаен управник Владица Ивановска од Свети Николе
- Веб страна на Основен суд Велес
- ДТТУ АГРОКОР ДООЕЛ Дабниште Кавадарци